**ДО: СОБРАНИЕТО НА АКЦИОНЕРИ**
**НА ЖИТО ЛУКС АД СКОПЈЕ**

# И З В Е Ш Т А Ј З А Р А Б О Т Е Њ Е Т О
# Н А Н А Д З О Р Н И О Т О Д Б О Р З А 2011 Г О Д И Н А

Надзорниот одбор на ЖИТО ЛУКС АД Скопје во текот на 2011 г. својата работа ја извршуваше согласно Законот за трговски друштва и Статутот на Друштвото.

Во текот на 2011 г. Надзорниот одбор работеше во следниот состав:

1. Г-ѓа Наташа Трпеноска Тренчевска - Претседател
2. Г-ѓа Ирини Патера - Потпретседател
3. Г-дин Ставрос Бозикас - член
4. Г-дин Андреас Вавуракис- член
5. Г-дин Ристо Хаџи-Мишев - член

Од 19-04-2011 г., Надзорниот одбор работеше во следниот состав:

1. Г-ѓа Наташа Трпеноска Тренчевска - Претседател
2. Г-ѓа Ирини Патера - Потпретседател
3. Г-дин Ставрос Бозикас - член
4. Г-дин Петрос Карампас - член
5. Г-дин Ристо Хаџи-Мишев - член

Во текот на 2011 г. Надзорниот Одбор одржа 9 седници, на кои се расправаа прашања на тема:

- Разгледување и усвојување на годишната сметка и финансиските извештаи на ЖИТО ЛУКС АД Скопје за 2010 г.;
- Разгледување и одобрување на Годишниот извештај од работењето на ЖИТО ЛУКС АД Скопје во 2010 г.;
- Разгледување и одобрување на Извештајот за работењето на Управниот Одбор на ЖИТО ЛУКС АД Скопје во 2010 г.;
- Разгледување и одобрување на Извештајот за работењето на Надзорниот Одбор на ЖИТО ЛУКС АД Скопје за 2010 г.

- Одобрување на дневниот ред за седницата на Годишното собрание на акционери одржано на 19-04-2011 г.;
- Разгледување и усвојување на кварталните извештаи од Управниот Одбор за 2011 г.;
- Донесување на одлука за разрешување и именување член на Управниот Одбор;
- Се одобри склучувањето на Договорот за деловна соработка со преддоговор за купопродажба на недвижен имот и производи помеѓу ЖИТО ЛУКС АД Скопје и Жито Леб АД Охрид;
- Се одобри одлуката на Управниот Одбор за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места и Правилникот за внатрешна организација на ЖИТО ЛУКС АД Скопје;
- Се одобри одлуката на Управниот Одбор за донесување намера за откажување на договорите за вработување на работници поради деловни причини;
- Се одобри одлуката на Управниот Одбор за задолжување на Друштвото во Охридска Банка АД Охрид, со Договор за долгорочен кредит и се даде согласност за засновање на заложно право врз основни средства сопственост на ЖИТО ЛУКС АД Скопје;
- Се одобрија одлуките на Управниот Одбор за проширување и продолжување на важноста на Договорот за рамковен револвинг кредит од средствата на Охридска Банка АД Охрид и се даде согласност за засновање на заложно право врз основни средства сопственост на ЖИТО ЛУКС АД Скопје;
- Се одобри одлуката на Управниот Одбор за проширување на задолжувањето на Друштвото во Комерцијална Банка АД Скопје по Договорот за рамковен револвинг кредит лимит врз основа на заложно право и се даде согласност за засновање на заложно право врз основни средства сопственост на ЖИТО ЛУКС АД Скопје;
- Се одобри одлуката на Управниот Одбор за продолжување на важноста на Договорот за кредитна линија со Стопанска Банка АД Скопје и се даде согласност за продолжување на заснованото заложно право врз основни средства сопственост на ЖИТО ЛУКС АД Скопје;
- Се одобрија одлуките на Управниот Одбор за продажба на основни средства, сопственост на Друштвото;
- Се одобрија одлуките на Управниот Одбор за засновање на заложно право врз основни средства кои се продаваат како обезбедување за кредити од банки земени од страна на купувачите за купување на основните средства;

Во текот на 2011 г. Надзорниот одбор редовно ги разгледуваше извештаите на Управниот одбор. Оценка на Надзорниот одбор е дека Управниот одбор редовно заседавал и ги разгледувал сите позначајни прашања во врска со работењето на Друштвото и донесувал соодветни одлуки.

Надзорниот одбор му предлага на Собранието на акционери да го усвои Извештајот за работата на Управниот одбор за 2011 г., Годишниот извештај за работењето на Друштвото во 2011 г. годишната сметка и финансиските извештаи за 2011 г., Извештајот на ревизорската куќа за 2011 г., како и Годишниот извештај на службата за внатрешна ревизија за 2011 г.

**Од Надзорен Одбор**